ADING

# АДИНГФАС-3

*Декоративен малтер, со зарибана структура, во прашкаста форма*

## Област на примена:

За завршна декоративна обработка на внатрешни и надворешни фасадни, ѕидни површини.

## Својства:

- прашкаст материјал со бела боја;
- отпорен на мраз;
- водонепропустлив е, а паропропустлив;
- едноставен е за нанесување;
- се подготвува со додавање на вода;
- се нанесува на подлога од бетон, цементен и продолжен малтер;
- одлична адхезија за подлогата;
- еколошки производ;
- економичен;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Тип: | Прашкаста маса на цементна основа со полимери |
| Време на врзување: | 6-8 часа |
| Време на зацврснување: | 24 часа |
| Јакост на притисок (28 дена) | 12±2 МПа |
| Јакост на свиткување (28 дена) | 5±1 МПа |

## Подготовка на подлогата:

Површината ако е изведена со цементно врзиво на која се нанесува Адингфас-3 треба да биде "одлежана" најмалку 14-18 дена, треба да е цврста, чиста, обезмастена и обеспрашена, рамна и сува.

## Вградување:

Површината се подготвува со Прајмер В, која се нанесува со четка или јарец. Адинг-фас-3 се приготвува со додавање на вода, 300мл на 1кг. Материјалот се меша со бавен електричен мешач до потполна хомогенизација, а потоа се остава да одлежи 10-15 мин. Материјалот повтор-но се замешува и се нанесува со рамна метална глетарка, во слој со дебелина на најголемото зрно на полнилото од готовата смеса (2 мм). Веднаш потоа, малтерот се обработува (зарибува) со пластична глетарка.
Температурата на која се изведуваат работите треба да биде во граници од +10°C до +35°C. Обработените површини треба да бидат заштитени од врнежи, силен провев и директна изложеност на сонце за период од 8 - 12 часа по нанесувањето на декоративниот малтер.

## Потрошувачка:

| | |
|---|---|
| Прајмер В | 0,25 до 0,30 кг/м$^2$ |
| АДИНГФАС-3 (2мм) | 3,50 до 4,00 кг/м$^2$ |

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по неговата употреба.

## Пакување:

| | |
|---|---|
| Прајмер В | во сетови од 50 кг |
| АДИНГФАС-3 (2мм) | во натрон вреќи од 30 кг |

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории. Рок на употреба: 12 месеци.

ДЕКОРАТИВНИ ПРЕМАЗИ И МАЛТЕРИ

<u>Опасност по здравјето:</u> Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата (да се користат заштитни ракавици). Материјалот не е токсичен, но при инцидентен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
<u>Пожар:</u> Адингфас-3 е незапалив прашок.
<u>Чистење и депонирање:</u> Чистењето неврзани остатоци од Адингфас-3 е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат бб, 1000 Скопје, Р.Македонија, ading@ading.com.mk,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840, 2034 822, Факс: ++ 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk